# History of Classical Archaeology and its Impact on the Identity, Culture and Politics of the European Nations

# Историјата на класичната археологија и нејзиното влијание на идентитетот, културата и политиките на Европските народи

**Ljuben Tevdovski, Ph.D.**

## Abstract

This paper approaches some of the less examined or acknowledged aspects of the development of classical archaeology that influence its perspectives and wider role in the societies even today. While it remains focused of the history of classical archaeology, the paper articulates as well few specific and, in many aspects, authentic approaches to the wider trends of rethinking the history of archaeology and nationalism.

Throwing some additional light on the roots of classical archaeology, the paper confronts their multiple layers of interconnectedness with nationalism and politics. Yet, it also provides an illustration of the specific path through which the "egoistic motives" of the researchers transformed and helped the creation the scientific focus and methods of the classical archaeology, thus pushing it into a process of professional growth as an independent scientific discipline.

## Вовед

Овој научен труд преку екстензивна и мултидисциплинарна анализа на открива дел од основите на специфичните односи и меѓусебната повлијаеност на класичната археологија и современите европски национализми и национални фабули. Но, истовремено, тој говори и за дел од мотивите и потеклото на одредени археолошки интереси специфични за класичната археологијата, како и потеклото и специфичниот развој на општествените и културните трансформации во деветнаесеттиот век, кои довеле до создавањето на современите национални идентитети. И покрај тоа што во изминатиот период е напишана екстензивна литература за односот на современите национални идентитети и археологијата, како и нивното специфично европско потекло, новиот пристап на овој труд, прави обид интегрално да ги претстави специфичните односи кои довеле до развојот на овие феномени, суштински ги поврзале и прават од нив комплексна, но идејно хомогена целина, која претставува солидна основа за пост-модерните сфаќања на односите помеѓу науката и општеството.[1]

## Односите на научното и општественото

Модерната епоха во развојот на Европа и светот воопшто, изградена на одредени културни традиции на Просветителството, направила значаен и од многу аспекти нов исчекор во односите помеѓу општеството и науката, општествениот и интелектуалниот ангажман.

Овој значаен обид на модерноста се состои во одголување на науката од сите форми и напластувања на митовите, религиите и мистификациите на различните епохи.[2] Наспроти ова, на пиедестал во научниот процес се ставаат научната скепса и научниот метод. Така, за многумина научници и други општествено значајни следбеници на оваа идеја, науката, научните откритија и научните вистини, како процес и алатка за потрага по единствената „вистина“[3] ја заменуваат улогата на религијата, и во многу општествени средини стануваат религија на новото време. Ваквата идеја има за цел да го помести кон

---

[1] Margarita Dıaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology - Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, USA, 2007), стр.11
Siân Jones,The Archaeology of Ethnicity: Constructing Identities in the Past and Present, *Cultural Identity and Archaeology: The Construction of European Communities,* (Routledge, New York, USA, 1996).стр.6
[2] Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought,* (Cambridge University Press, New York, USA, 2006), стр. 102
[3] Thomas L. Pangle, *Leo Strauss : an introduction to his thought and intellectual legacy*, (The Johns Hopkins University Press, Baltimore,2006), стр.8

асиметрија маѓепсаниот круг на меѓусебна повлијаеност, а „објективната наука“[4] неповлијаена од традициите на општеството, да се трансформира во идеално решение за општествените проблеми. На овој начин, науката би ги елиминирала проблемите, без да креира нови, обезбедувајќи го идеалот за вечен „прогрес“.[5]

Токму затоа, кога современите научници на преминот од дваесетиот во дваесет и првиот век, со истата научна скепса и научен метод, ќе посочат и аргументираат дека, на пример, „целокупната историска наука на деветнаесетиот и дваесетиот век е осмислена, насочена и изградена врз потребите за легитимација на аспирациите и статусот на новите општествени елити“,[6] т.е. претставува современ мит, ова не е удар само врз историската наука, нејзините вистини и постулати, туку и врз поширокта идејна матрица на модерното време. Ваквата докажана поврзаност на митолошкото, подсвесното, ирационалното и уметничкото, со научното, истражувачкото и новото „објективно“ спознание,[7] не реди во поредицата епохи пред модернизмот и ги урива дел од основните постулати на креативниот процес на оваа епоха.[8]

Па така, сега повторно на почетокот на новиот милениум, научната јавност помалку се прашува за објективноста на научниот метод во историските или општествените науки, отколку за интеракцијата и, уште повеќе, балансот на влијанија помеѓу науката и општествено-политичките теченија на модерноста, кои како свои врвни

---

[4] Ibid., Стр.135

[5] Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought,* (Cambridge University Press, New York, USA, 2006) стр.101
Thomas L. Pangle, *Leo Strauss : an introduction to his thought and intellectual legacy,* (The Johns Hopkins University Press, Baltimore,2006), стр.9

[6] Во последните две децении ваквите констатации, кои во минатото би ја разбранувале научната јавност, се консензус на научните средини. Така, еден од најреномираните американски и светски историчари на средниот век, и претседател на Американската Академија за Средновековие (Medieval Academy of America) професорот Патрик Гири, како вовед во својата анализа за современата историска наука ќе се искаже јасно и без скрупули: „Модерната историја беше родена во деветнаесетиот век, осмислена и развиена како инструмент на европскиот национализам. Како инструмент на националистичките идеологии, историјата на нациите на Европа беше огромен успех, но таа го претвори нашето разбирање за минатото во токсична депонија, наполнета со отровот на етничкиот национализам, а отровот беше истурен длабоко во свеста на масите. Чистењето на ова ѓубре претставува највознемирувачкиот предизвик со кој се соочуваат историчарите денес“.
Patrick J. Geary, *The Myth of Nations: The Medieval Origins of Europe,* (Princeton: Princeton University Press, 2002), стр.15

[7] Голем дел од современите научните во оваа област, неодминливо ги ползуваат аргументите на американскиот теоретичар Едвард Сеид (Edward Said), кој со своите анализи, а особено со освртот кон Ориентализмот, значајно ја повлијаел современата научна мисла. Диаз-Андреу, потсетува на неговата аргументација и се согласува дека: „Никој никогаш нема произведено метод кој ќе го оддели проучувачот од околностите на животот... Постои знаење кое е помалку... субјективно од самата индивидуа... која го создала. Сепак, тоа не го прави автоматски ова знаење неполитично (аполитично).“
Margarita Dıaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology - Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, USA, 2007), стр.11

[8] Оваа капитулација на раните либерални идеи во современието е веќе присутна и прифатена во поширокиот научен спектар. На пример, „оригиналниот нормативен пристап на раната либерална политичка филозофија кон човековата природа (т.е. кон природното право или природните права) веќе не се смета за наука, повеќе се третира за идеологија, што би рекло, некоја форма на конструирана квази-митолошка интерпретација, која нема верификација во фактите.“
Thomas L. Pangle, *Leo Strauss : an introduction to his thought and intellectual legacy,* (The Johns Hopkins University Press, Baltimore,2006), стр.10

појавни форми ги изродиле нацијата, и идејата за национализмот.[9] Затоа, современите историчари, социолози, антрополози, археолози, научници и проучувачи на теориите за нацијата, политиколози и психолози, во дваесет и првиот век вложуваат голема енергија да одговорат на прашањето: Дали современите национализми ги создадоа постулатите на современата историска наука,[10] или историската наука, го создаде национализмот, а преку него и современите нации?[11]

Најпосле, специјализираните и продлабочени истражувања во овие области, поттикнати од ваквите научни, но и филозофски и идејни проблеми на денешницата, не доведуваат и до основните постулати и релациите на специфичните прашања од наш непосреден интерес во овој труд.

Така, современата наука забележала два интересни процеси и меѓусебно силно повлијаени феномени на модерното време на тлото на Европа, кои од тој континент ќе се прошират и ќе станат општо прифатени на сите континенти.[12]

Имено, создавањето на современите нации, како нов процес во светски рамки, ќе се одвои по многу што од другите форми и процеси на креирање и употреба на колективните идентитети. Една од специфичните карактеристики на овој процес, која ќе стане значаен аспект на национализмот, е откажувањето од живите традиции на општествата во полза на туѓи идентитети, длабоко закопани под слоеви на различни популации и култури, или целосно далечни, како во историска, така и во географска смисла, од нивните нови корисници.

Во исто време, и на истиот географски простор, во Европа, го бележиме и развојот на археолошката наука. Таа наука, како по својот интерес, така и по својот метод, не наоѓа сериозни паралели во други светски култури. Имено, додека многу од светските

---

[9] Thomas W.Smith, *History and International Relations,* (Routledge, London, UK & New York, USA, 1999), стр.5-6

[10] Еден од најпроминентните претставници на „Англиската школа“ на Меѓународната политичка економија, теоретичар на меѓународните односи, историчар и активен претставник на Организацијата на Обединетите нации и меѓународниот цивилен сектор, професор Роберт Кокс, уште во 1981 година во својата студија за „социјалните сили, државите и светските системи“, ќе заклучи дека „секоја теорија и секоја историја е создадена за некому да му служи за одредена цел.“
Cameron G. Thies, *Progress, History and Identity in International Relations Theory: The Case of the Idealist-Realist Debate,* во научниот журнал
European Journal of International Relations Vol. 8(2), (European Consortium for Political Research, UK, EU and SAGE Publications, USA, 2002), стр. 149

[11] Професор Гири во заклучоците на својата книга „Митот на Нациите...“, самокритично ќе констатира: „Во крајна линија, ние, историчарите, сме одговорни за создавањето на митовите за континуитетот на народите, митови кои се тврдокорни и опасни. Конструирајќи непрекината и линеарна приказна за народите на Европа ги легитимираме“ политичките и воените амбиции со наративи од далечното минато.
Patrick J. Geary, *The Myth of Nations: The Medieval Origins of Europe,* (Princeton: Princeton University Press, 2002), стр.157

[12] Margarita Dıaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology - Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, USA, 2007), стр. 11

цивилизации покажувале интерес кон историчноста, континуитетот, и превземањето и повикувањето на легитимитет од соседните, покорените или владеачките култури, сериозниот и продлабочен напор за откривање и систематско проучување на сосема непознати, историски и географски оддалечени култури, е нов и непознат феномен, без јасни паралели во историски рамки.[13]

Така, национализмот и археологијата, не делат само време и простор на создавање и развој, туку и дел од нивната основна структура и цели. И двете појави се социолошки новитет и еднакво се вгледани и длабоко зависни од далечното и непознато минато. Продлабочената анализа на идејата, структурата и постулатите на овие современи процеси зборува за уште покомплексни врски, но и силна интеракција и повлијаеност на општественото и интелектуалното живеење на овие современи пројави.[14]

Најпосле, ако се направи обид да се истражат корените, идејните и општествените традиции кои го предизвикале развојот на овие два социјални новитети, брзо се доаѓа до нивната органска поврзаност и заедничката идејна и мислечка матрица, на вековите пред нивниот настанок. Имено, таа матрица и потребите и аспирациите на еден историски период директно го условуваат и произведуваат развојот во ваква насока. Во оваа насока се анализите на повеќе современи истржувачи на историјата на археологијата, а еден од најеминентните помеѓу нив професор Маргарита Диаз – Андреу, од универзитетот во Барселона, јасно ќе посочи на насоките и рамката за овие нови и интегрирани истражувања, велејќи дека „трите века пред Француската револуција се круцијални за разбирањето на двете, (само) на прв поглед, независни прашања: издигањето на национализмот и промоцијата на археологијата како професионална (научна) дисциплина“.[15] Така, Диаз-Андреу и многу други и современи истражувачи на овие историски и социјални феномени, ќе ја поместат рамката на истражувањето и историски и

[13] Брус Тригер, давајќи преглед за интересот кон минатото и артефактите во различни култури и епохи: „Египет и Месопотамија,„ „Грција, Рим и средновековна Европа“, „Ренесансна Европа, Кина на Сонг династијата ... и Јапонија“, ќе заклучи дека „во ниедна од овие култури не се развило ништо што би потсетувало на археологијата како стабилна (научна) дисциплината “. Тој додава дека „Иако интересот за материјалната култура која опстанала од минатото е забележан насекаде, дисциплините посветени на проучување на минатото со помош на овој материјал се развиле само во (овие) неколку векови“
Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought*, (Cambridge University Press, NY, 2006) стр. 40-48, 77-78

[14] Современите научни погледи за археологијата најчесто варираат помеѓу поумерената позиција на канадскиот професор и значаен меѓународен авторитет за историјата на археологијата, според кого „повеќето археолошки традиции се веројатно националистички по својата ориентација“, и многу појасната дефиниција на еминентниот европски експерт за историјата на археологијата, професор Диаз-Андреу, која нагласува дека „сите археолошки традиции биле во основа (во основањето) националистички“.
Margarita Dıaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology - Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, USA, 2007), стр.10-19
Siân Jones,The Archaeology of Ethnicity: Constructing Identities in the Past and Present, *Cultural Identity and Archaeology: The Construction of European Communities,* (Routledge, New York, USA, 1996).стр.6

[15] Margarita Diaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century - Archaeology, Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, 2007), стр. 31

идејно од периодот на создавањето на овие појави кон причините и културниот контекст кој ќе ги предизвика, создаде и ќе го услови нивниот развој се до современието.

Истражувајќи ги историските корени кои ги условиле развојот на национализмот и археологијата, современата научна мисла нужно дошла до корените на современиот идентит на Западна Европа. Овој пак идентитет, корени и мислечка рамка, преку доминацијата на Западна Европа во глобалните односи во последните пет века, создаваат идеи, принципи и стереотипи кои, со сите свои позитивни и негативни аспекти, суштински го повлијаеле целокупниот развој на општеството и научната мисла во светот.

Токму затоа, истражувањето на заедничката повлијаеност на археологијата и национализмот мора да започне преку разбирање на основите на современиот идентитет на Западна Европа. Додека ваквата анализа има капацитет и аспекти кои фрлаат нова светлина на поширокото поле на современата научна и општествена активност, нивната природа, придобивки и заблуди, процесот на формулација и институционализација на националните идентитети и археолошката наука, а пред се класичната археологија, ги следиме во клучните декади на раниот деветнаесетти век.

## Глобалниот контекст на културниот и научниот развој во XIX век

Од особено значење за развојот на современиот национализам и класичната археологијата како доминантна компонента на новата научна дисциплина биле големите гео-стратешки и идејни поместувања на европскиот континент предизвикани од силниот воен продор на наполеонова Франција кон исток. Надежите и изгледите на возобновената империја за доминација над Европа ќе имаат клучно влијание и врз трансформирањето и создавањето на дел од најдоминантните нови идеи за идентитетите и национализмите, како и со нив поврзаната научна мисла.

Како директен одговор на агресивниот експанзионизам и тежненијата за универзална доминација на реформираната Француската империја, ќе се создадат и современиот германски национален идентитет, различни идентитетски и културни теченија во Британија, како и новите разбирања за идентитетите во северна и источна Европа.

Истовремено, во деветнаесеттиот век, реакцијата на францускиот империјализам и силната изложеност на про-француските културни, образовни  и општествени елити со медитеранските култури, ќе создаде и поширока лепеза идејни теченија во Англија и Германија, како романтизмот, конзервативниот хеленизам и идеите за културите и расите, кои ќе имаат клучно влијание во создавањето на националните идентитети, но и во трансформирањето на археолошкиот интерес и рани иницијативи во современа научна дисциплина, која ќе стане значаен аспект на културата и политиките на овие општества.[16]

Во „германските земји“, како одговор на воениот притисок на францускиот империјализам, кој во овој период освен културна, се повеќе добивал и силна политичка компонента, а особено по расформирањето на Светото римско царство во Германија од страна на Наполеон, создадена е една од политички најуспешните идејни креации поткрепени со научни и културни хипотези. Новата идеја, преплетена во повеќе романтични идејни теченија, ќе подразбира дека Германците и другите нефранцуски елити, повеќе немаат потреба да аспирираат кон високата култура на Франција, која долго претставувала продолжение на цивилизациските текови кои од медитеранот доаѓале кон Европа.

Напротив, поставувајќи ја хипотезата за постоење на различни култури, кои без разлика на своите карактеристики постојат низ времето, паралелно на одредени политички формации како империите, германските интелектуалци и научници отвориле нов политички простор, во кој нивните благородници и елити, наместо да аспирираат за сопствениот легитимитет кон влијанијата од Франција и медитеранот, легитимитет можеле да го бараат во рамките на „руралната“, но стара и силна „германска култура“, „културен простор“ и во рамките на „германската раса“. Секоја локална култура, според нивните идеи (Хегел), има своја автентичност и карактеристики, а новиот врховен идеал на „цивилизираните“ не е да се инспирираат и акултурираат во глобалните цивилизирани јадра, туку да ја зачуваат „чистоста“ и да ја афирмираат својата локална, односно национална култура. Во германскиот случај полека но сигурно, а и со помош на англиската надворешна политика е создаван „германски идентитет“, кој требало да ги

---

[16] Професор Диаз-Андреу потсетува на доминантните теории во современата научна мисла за директната поврзаност на античките идентитети и интересот кон античките „култури“ со процесите на создавање на современите европски нации, нагласувајќи дека идејните „врски помеѓу Франција и Рим, заговарани од страна на Наполеон и одржувани подоцна (од подоцнежните француски владетели), поради тензиите помеѓу Франција и Прусија, послужиле (биле заслужни) за зацврстнување на германскиот идентитет во контекст на филхеленизмот.
Margarita Diaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century - Archaeology, Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, 2007), стр.327

обедини на идејна основа против Француската империја „германските“ држави и државни формации на истокот, кои биле во повеќевековен антагонизам и војни, и немале никаква традиција за политичко, културно и верско единство.[17] Современиот германски идентитет бил создаден врз две категории: 1. Нелатинизираниот јазик „дојч“,кој се зборувал во руралните и помалку едуцираните средини, наспроти високата култура која и во германските градови ползувала француски и 2. историскиот наратив за Германија, како област надвор од границите на Pax Romana за која пишувале римските автори.[18] Ваквата Германија, според идеите на нејзините протагонисти, не била примитивна област која немала допир со „цивилизацијата“ и останала на периферијата на културно доминантната Франција, туку била автентична култура која „свесно и храбро“ ги отфрлила странските традиции и вредности.[19] Оваа идеја имала и политички и безбедносни аспекти, кои придонесувале за идните односи со агресивната и дотогаш доминантна Франција, аргументирајќи дека античка и современа Германија, имале можеби примитивна, но автентична култура, која се борела за својата независност од античкиот Рим, и современите Римјани или латинизираните и културно корумпирани Гали и Франки, Французите.

Ваквата идејна концепција, која успешно ќе се спротивстави на францускиот универзализам, и ќе се наметне како доминантна теорија во совремите разбирања за идентитетите, политиката и меѓународните односи, но и погледите кон минатото и односите во различни историски периоди создала две главни идејни теченија, легитимирани со археолошките хипотези и археолошкиот материјал. Од погледите и интересите на германските и британските елити, кои го презреле францускиот воен, но и културен империјализам, во рамките на новиот свет на патрикуларни „култури“, произлегло новото гледања на античкиот свет на медитеранот, што ќе има клучна улога во развојот на класичната археологија. Од друга страна, под влијание на револуционерните идеи на француската револуција, пошироките слоеви на општествата на северна и источна Европа, кои помалку се идентифицирале со „високата култура“ со медитеранско влијание, во борбата со францускиот империјализам ги афирмирале анти-империјалните „варварски“ идентитети од минатото, легитимирани со локални археолошки иницијативи од кои произлегла и се развила и современата праисториска археологија.

[17] Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought*, (Cambridge University Press, New York, USA, 2006), стр..215
[18] Сепак постоела и провинција Германија.
Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought*, (Cambridge University Press, New York, USA, 2006), стр.82-83
[19] Julie Reeves, *Culture and International Relations: Narratives, natives and tourists*, (Routledge, London & New York, 2004), стр.15-18

**Почетоците на класичната археологија**

Основите на класичната археологија во деветнаесеттиот век се поставени „по воениот пораз на Наполеон во 1806 година, (кога) северно-германското кралство Прусија започнало реформи на образовниот систем. Целта на оваа реформа била да се образуваат бирократите на тој начин што тие би можеле да ги менаџираат државните работи поефективно, без при тоа да бидат изложени на револуционерните идеи на францускoто просветителство, кои биле сметани за крајно субверзивни од страна на конзервативната висока класа на пруските големосопственици.“[20] Идеите за ваквиот модел се преземени, под имперсиите на класичната филологија, реинтерпретирајќи ги анализите и критиките на доцно-републиканските и рано-империјалните римски автори, кои во овој период ги артикулираат своите визии за развојот на римското општество силно повлијаено од културите на источниот медитеран. Критиките за влијанијата на македонските династии и нивната „висока“ култура врз римското општество, како декадентни и не-европски, и сугерирањето на алтернативата во „идеалната“ култура на грчките трговски полиси, која ги гарантирала статусот и интересите на римските републикански елити, во деветнаесеттиот век ќе биде трансформирана во расна димензија која ги одвојува културата, општеството и „природата“ на Европјаните од декадентните култури на Истокот.[21]

Во деветнаесеттиот век, новото Кралство Грција, најнапред под баварски протекторат,[22] а подоцна под силно британско влијание[23] ќе стане ново археолошко средиште,[24] преку кое европските елити ќе го артикулираат својот идентитет, позиции и интереси.[25] Во оваа нова европска псевдо-колонија[26] на источниот медитеран раните

---

[20] Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought*, (Cambridge University Press, New York, USA, 2006), стр.61
[21] Ibid.
[22] Suzanne Marchand, *What the Greek model can, and cannot, do for the modern state: the German perspective*, во едицијата Roderick Beaton, David Ricks, ed. *The Making of Modern Greece Nationalism, Romanticism, and the Uses of the Past (1797–1896)*, (Ashgate Publishing, Aldershot, UK & Burlington, USA, 2009), стр.35-41
[23] Robert Holland, Diana Markides, *The British and the Hellenes: Struggles for Mastery in the Eastern Mediterranean 1850–1960*, (Oxford University Press, New York, 2006), стр. 45-65
[24] Suzanne Marchand, *What the Greek model can, and cannot, do for the modern state: the German perspective*, во едицијата Roderick Beaton, David Ricks, ed. *The Making of Modern Greece Nationalism, Romanticism, and the Uses of the Past (1797–1896)*, (Ashgate Publishing, Aldershot, UK & Burlington, USA, 2009), стр.40-41
[25] David Roessel, *In Byron's Shadow: Modern Greece in the English & American Imagination*, (Oxford University Press, New York, 2002), стр.13-41
[26] Yannis Hamilakis, *Decolonizing Greek archaeology: indigenous archaeologies, modernist archaeology and the post-colonial critique*,во едицијата Dimitris Damaskos, Dimitris Plantzos, ed. *A Singular Antiquity: Archaeology and Hellenic Identity in Twentieth-Century Greece*, (Benaki Museum, Athens, Greece, 2008), стр.273-284

француски антимонархистички идеи за либералниот хеленизам, ќе бидат трансформирани во конзервативен хеленизам, кој ќе ја легитимира раната доминација на „идеалните“ и „слободни“ Европјани над варварите од Истокот.[27]

Во таа насока класичната археологија, која претставувала доминантен археолошки тренд во деветнаесеттиот и првата половина на дваесеттиот век, своите истражувања ќе ги фокусира на „класичниот“ грчки и римски период, кои во согласност со доминантните расистички тези во тогашна Европа, претставувале израз на европската култура неповлијаена од „ориенталните“ културни примеси. Периодот на македонскиот империјализам, кога дошло до најголема интерференција на културните влијанија, од страна на класичарите бил прогласен за декадентен период, за од крајот на деветнаесеттиот век да се нарече „хеленизам“ или „хеленистички период“. Ваквите гледишта на овој значаен период за развојот на европската култура произлегувале од потребите на современите европски национални и државни проекти. Имено, почнувајќи од Дројзен дел од германските историчари се обиделе во македонскиот империјализам да најдат историска паралела за новоформираното Германско кралство, кое од разединети држави, кои во „националната митологизација“ биле поистоветувани со хеленските полиси, требало да се трансформира во империјална сила која би претставувала континуитет на „хеленската“ култура и дух.

Во англискиот случај, пак, големите урбани центри на македонскиот империјализам, биле поистоветувани со колонијалните градови на Британската империја од деветнаесеттиот и дваесеттиот век. Така, интерференцијата на култури од периодот на „античката глобализација“, современите европски научни и политички елити ја гледале како еднонасочен процес, во кој и во антиката и во модерната историја Европа и Европјаните имале задача да ги цивилизираат не-европските „варвари“.

Истовремено, со античките и медитерански интерпретации на концептот на „партикуларизмот на културите“ и „културниот национализам“, во Германија и Европа се развивал и концептот на промоција на не-империјалните „варварски“ култури, како историска метафора за сопствените аспирации за еманципација од влијанието на францускиот империјализам. Популарното „се-германско“ движење, поттикнато од

---

[27] Suzanne Marchand, *What the Greek model can, and cannot, do for the modern state: the German perspective*, во едицијата Roderick Beaton, David Ricks, ed. *The Making of Modern Greece Nationalism, Romanticism, and the Uses of the Past (1797–1896)*, (Ashgate Publishing, Aldershot, UK & Burlington, USA, 2009), стр.30

Британија во периодот на наполеоновите походи артикулирало силни политички, идентитетски и научни идеи од средината на деветнаесеттиот век.

Во Германија антифранцуското движење ќе ја промовира историската фигура на античкиот племенски лидер, Армин (Херман) кој се судрил со римските империјални војски на територијата на античка Германија. На овој „национален херој од антиката“, само неколку години од конституирањето на обединетото германско кралство му бил подигнат споменик. Ваков тип на анти-империјални комеморации на антички херои и предци, во овој период ќе се јават и во други делови на северна Европа. Во Англија им биле кренати споменици на келтски лидери на бунтови против Римјаните, а оваа пракса била следена и во Белгија. Подоцна Англиските и Шведските елити во тенденцијата, не само идејно, туку и расно да се поделат од современите „Гали“, Французите, ќе повеќе ќе се повикуваат на средновековните идентитети и „култури“ како Саксонците, Англите и Готите. Ваквата нова идентификација со „анти-културата“ од историографските фабули, под германско влијание, зазела значајни димензии во источна Европа, каде оживеале средновековните идентитети на Русите, Чесите, Унгарците, Србите и Бугарите, создавајќи нов модел и симболи за формирање на современите нации.[28]

## Заклучок

Анализите на овој труд покажуваат недвосмислено дека почетоците на класичната археологија се испеплетени со тенденциите, симболите и процесите кои ги создале новите политички, етнички и државни ентитети на европскиот континент, нациите. Наспроти силните национални и патриотски чувства кои најчесто ги следеле археолошките проекти, иницијативи и хипотези од овој период,[29] сите овие интензивни активности дале огромен придонес за подлабоките сознанија за минатото, ја оформиле археологијата како научна дисциплина, а на класичната археологија и го обезбедиле централното место кое долго време ќе го задржи како од научен аспект, така и од аспект на поширокиот интерес на јавноста.

[28] Rudy Koshar, *From Monuments to Traces: Artifacts of German Memory,1870 -1990,* (University of California Press, Berkeley, Los Angeles, USA & London,UK, 2000), стр.287-289

[29] Margarita Dıaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology - Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, USA, 2007), стр.11

Siân Jones,The Archaeology of Ethnicity: Constructing Identities in the Past and Present, *Cultural Identity and Archaeology: The Construction of European Communities,* (Routledge, New York, USA, 1996).стр.6

Во исто време, класичната археологијата и нејзините фокуси, сознанија, хипотези и материјал, станале основа на современите национални фабули, и како таква значајна детерминанта на идентитетот и симболите на современите европски и дел од неевропските нации. Современата археологија, денес, научно деконструирала многу од недоследностите и погрешните хипотези на раната класична археологија, како и на античката и средновековната историографија, и постојано ги ревидира сопствените хипотези за културите, општествените трансформации, идентитетите и ентитетите од минатото, и како таква станува демократизирачки фактор во меѓународните односи. Сепак, најголемиот интерес кон археологијата и понатаму е предизвикан од постојаното барање на национални, религиозни, социјални и персонални идентитети. Во кризата на идентитетите и општествените вредности во глобалниот и трансформирачки свет, народите и археолошката наука влегуваат во нова динамика, која ќе продолжи недвосмислено и интензивно да влијае врз овие два модерни феномени.[30]

**Користена литература**


Margarita Dıaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology - Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, USA, 2007),

Siân Jones,The Archaeology of Ethnicity: Constructing Identities in the Past and Present, *Cultural Identity and Archaeology: The Construction of European Communities,* (Routledge, New York, USA, 1996),

Bruce Trigger, *A History of Archaeological Thought*, (Cambridge University Press, New York, USA, 2006),

Thomas L. Pangle, *Leo Strauss : an introduction to his thought and intellectual legacy,* (The Johns Hopkins University Press, Baltimore,2006),

Patrick J. Geary, *The Myth of Nations: The Medieval Origins of Europe,* (Princeton: Princeton University Press, 2002),


[30] Lynn Meskell, *The Intersections of Identity and Politics in Archaeology* во научниот журнал Annual Review of Anthropology No.31 (Annual Reviews, Palo Alto, CA, USA, 2002), стр.279–301

Thomas W.Smith, *History and International Relations*, (Routledge, London, UK & New York, USA, 1999),

Cameron G. Thies, *Progress, History and Identity in International Relations Theory: The Case of the Idealist-Realist Debate*, во научниот журнал
European Journal of International Relations Vol. 8(2), (European Consortium for Political Research, UK, EU and SAGE Publications, USA, 2002)

Julie Reeves, *Culture and International Relations: Narratives, natives and tourists,* (Routledge, London & New York, 2004),

Suzanne Marchand, *What the Greek model can, and cannot, do for the modern state: the German perspective*, во едицијата
Roderick Beaton, David Ricks, ed. *The Making of Modern Greece Nationalism, Romanticism, and the Uses of the Past (1797–1896),* (Ashgate Publishing, Aldershot, UK & Burlington, USA, 2009),

Robert Holland, Diana Markides, *The British and the Hellenes: Struggles for Mastery in the Eastern Mediterranean 1850–1960,* (Oxford University Press, New York, 2006),

David Roessel, *In Byron's Shadow: Modern Greece in the English & American Imagination*, (Oxford University Press, New York, 2002),

Yannis Hamilakis, *Decolonizing Greek archaeology: indigenous archaeologies, modernist archaeology and the post-colonial critique*,во едицијата

Dimitris Damaskos, Dimitris Plantzos, ed. *A Singular Antiquity: Archaeology and Hellenic Identity in Twentieth-Century Greece,* (Benaki Museum, Athens, Greece, 2008),

Rudy Koshar, *From Monuments to Traces: Artifacts of German Memory,1870 -1990,* (University of California Press, Berkeley, Los Angeles, USA & London,UK, 2000),

Lynn Meskell, *The Intersections of Identity and Politics in Archaeology* во научниот журнал Annual Review of Anthropology No.31 (Annual Reviews, Palo Alto, CA, USA, 2002),